**ЗАПИСНИК**
**од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.03.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-ри кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека при читањето на предложениот Дневен ред ќе направи корекција, односно ќе ја повлече Точка 3 бидејќи двата радиодифузери го платиле годишниот надоместок и нема потреба да се носат одлуки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.03.2023 година.
2. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
3. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ПРО-ФМ од Гостивар.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Миење на возила.
6. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2023 година.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.03.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски објасни дека предложениот Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година е во Нацрт форма, а наскоро и како предлог документ ќе биде предложен на седница, кој потоа ќе се достави до Собрание. Посочи дека доколку членовите на Советот имаат забелешки или предлози ќе има доволно време за да ги достават.

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека изработката на овој Извештај е согласно законската обврска на Агенцијата да даде отчет за работењето пред Собранието, па следствено на неа овој документ, кој е се уште нацрт верзија, содржи преглед на сите активности што се реализираа во текот на 2022 година. Објасни дека за 7 дена со евентуалните забелешки и прифатливи корекции ќе биде ставен на Дневен ред како предлог и како таков ќе биде доставен до Собранието. Наведе дека во првиот дел од Извештајот се претставени сите надзори кои се реализираа над радиодифузерите во поглед на исполнувањето на програмските и административните обврски. Спроведени беа над 300 надзори, од кои најголем дел, односно 197 се програмски надзори над радиодифузерите. Имајќи предвид дека минатата година се одржаа избори за градоначалници во Маврово и Ростуше и Центар Жупа, како и избори за членови во Советот на Општина Тетово, Агенцијата преземаше активности и во врска со овој изборен процес. Мониторингот на изборното претставување се одлучи да се врши само врз основа на претставки бидејќи изборите се одвиваа само во три општини, а во едната општина беше само за членови на Советот. Во текот на изборната кампања се вршеше мониторинг на платеното политичко рекламирање, со кој беа опфатени националната телевизија Компани 21-М и регионалните телевизии од Тетово - Коха, Полог и Кисс&Менада. Покрај тоа, за време на изборниот молк се спроведуваше мониторинг над работењето на вкупно 16 радиодифузери, од кои 13 на државно и три на регионално ниво. Постапувајќи согласно „Препораката од Комитетот на министри до земјите членки за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост", минатата година по четврти пат се објави публикацијата „Сопственоста на медиумите во 2022 година", која содржи податоци за сопствениците на радиодифузерите и на издавачите на печатените медиуми. Оваа година, откако се констатира дека не постојат законски пречки, се одобри промена во сопственичката структура на два радиодифузери. Агенцијата беше особено активна на полето на медиумската писменост, како и во сферите на обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост и на родовите прашања. По четврти пат, заедно со Мрежата за медиумска писменост се организираа Денови на медиумската писменост 2022, потоа се организира работилница посветена на медиумските потреби на лицата со попреченост, Агенцијата учествуваше во процесот на подготовка на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2030, иницираше изработка на посебна веб страница за родот и медиумите и др. Во 2022 година Агенцијата додели една дозвола за телевизиско емитување на

локално ниво, на подрачјето на Куманово. За да се констатира дали ги исполнуваат обврските кои за нив се утврдени во ЗААВМУ, се извршија 169 надзори над работењето на операторите и осум над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Над издавачите на печатени медиуми беа спроведени шест надзори. Поради непочитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти од страна на радиодифузерите и операторите, во текот на годината беа изречени 103 мерки. Од нив, 79 беа јавни Опомени, осум прекршочни постапки, 10 постапки за порамнување-постапки за издавање на прекршочен платен налог, две Одлуки за одземање дозволи и четири Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери. Агенцијата и во 2022 година ја изработи годишната Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, вршеше мерење на гледаноста и слушаноста на програмите на радиодифузерите, а изработи и други анализи и студии во врска со важни прашања од областа. Што се однесува до меѓународната соработка, објасни дека претставници на Агенцијата минатата година активно учествуваа во работата на меѓународните регулаторни платформи, групи и организации, а се оствари соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот. По повод 25 годишнината од своето формирање, Агенцијата на 10 и 11 ноември беше домаќин на регионалниот состанок „Регулаторните тела за медиуми во новото медиумско опкружување – како да се гарантира независноста", на кој присуствуваа претставници од регулаторните тела за медиуми од Словенија, Хрватска, Босна, Црна Гора, Србија, Косово, Албанија и Бугарија. Во прилог на овој Нацрт-извештај, на крајот од документот е даден детален преглед на сите мерки коишто Агенцијата ги изрече во текот на годината, Извештај за реализацијата на планот за програмски надзор за 2022 година и Извештај за реализација на финансискиот план за 2022 година.

Г-дин Фиданоски рече дека дискусија на оваа тема во овој дел од годината се одвива години наназад затоа што до 31 март треба Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2022 година да се достави до Собранието. Овој документ претставува пресек на сите активности што ги имала Агенцијата во остварувањето на своите законски обврски и задолженија. Самиот обем на Извештајот покажува дека АВМУ имала голем број на активности на повеќе полиња, кои се законски ингеренции, но и надвор од нив. Ова укажува дека регулаторот си ја врши работата адекватно и смета дека Извештајот е сработен професионално и коректно од страна на Стручната служба. Тој е прегледен, детален и може да се најдат голем број на информации кои Советот или надворешните заинтересирани лица сакаат да ги побараат. Се изјасни дека ќе даде поддршка. Објасни дека ќе даде коментар за една појава за која иако немаат законска обврска операторите на јавни комуникациски мрежи, пред сè поголемите оператори, честопати во својата понуда за емитување на телевизиски канали немаат титлувани содржини, не мисли на содржини кои се емитуваат во живо, туку за филмски содржини. Негово мислење е дека тоа треба што побргу да го коригираат затоа што не доликува да се нудат содржини во програмски пакет на гледачите, а при тоа да не се сите работи запазени. Во оваа држава официјален јазик е македонскиот, официјално се употребува и албанскиот јазик, а од друга страна за одредени содржини титл нема на овие два јазика, независно кој како ќе одбере. Смета дека ова е недостаток на самите оператори за кои што смета дека во иднина ќе се коригираат затоа што така би била многу подобра програмската понуда до крајните корисници. На крајот во врска со страна 51 од

Извештајот кај Управните спорови против акти донесени од страна на Агенцијата, праша за што всушност е конкретно тужбата од страна на ТВ Канал 5?

Г-дин Трајчевски одговори дека таа се однесува во врска со еден надзор што е изработен и покрената е прекршочна постапка во однос на пласирање на производи.

Г-дин Ајдини објасни дека го разгледал Нацрт-извештајот за кој смета дека е содржински и доста обемен со активности поврзани со работата на Агенцијата. Отсликани се сите обврски кои биле планирани и се исполниле во 2022-та година. Се изјасни дека во оваа фаза ќе го поддржи документот, но остава можност доколку има забелешки да ги достави во писмена форма.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе го поддржи Нацрт-извештајот кој стандардно е добро сработен и квалитетен. Доколку има забелешки ќе ги достави наредниот период.

Г-дин Трајчевски, процедурално, објасни дека Извештајот кога на седница ќе биде во предлог верзија, ќе биде доставен и Ревизорскиот извештај од независен ревизор заедно со Ставот на Советот во однос на Извештајот.

Советот на Агенцијата го одобри и усвои Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување, објасни дека станува збор за позитивна вест бидејќи сите 14 медиуми за кои што се започна постапка за одземање на дозволата, го платиле годишниот надоместок.

Г-дин Трајчевски потврди дека сите 14 радиодифузери во целост го исплатија годишниот надоместок за дозволата за радио и телевизиско емитување. Од таа причина се предлага до Советот да се запре започнатата постапка за секој од нив.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-100 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево, бр.08-104 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на на Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, бр.08-65 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.08-133 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ПРО-ФМ од Гостивар. Објасни дека доставеното известување е комплетно и уредно. Побарана е согласност да истапи од сопственост единствениот сопственик на оваа локална радио станица, правното лице ТРД РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар и уделот со 50% од основната главнина да го преземат две физички лица за кои што не постојат законски пречки овие две физички лица да се јават како сопственици на радиодифузери. Од таа причина до Советот е доставен предлог да донесе Одлука со која ќе се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ од Гостивар, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ од Гостивар не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила. Објасни дека станува збор за редовна набавка која ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Средствата се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та, односно ќе бидат обезбедени и со Финансискиот план за 2024-та година, бидејќи договорот што ќе произлезе од оваа јавна набавка ќе биде склучен за време од 2 години. Сите други потребни информации се содржани во доставениот материјал по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга-миење возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: миење возила е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2023 година. Објасни дека согласно одлуката на ЕПРА, висината на годишната членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2023 година изнесува 3.600 евра. Оваа информација е стандардна и секоја година Агенцијата ја доставува до Советот за да навремено се изврши уплата за членството во ЕПРА.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2023 година бр.05-248/2 од 17.03.2023 година.

Секторот за финансии и логистика да ги уплати средствата во висина од 3.600 евра за годишна членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2023 година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-1188/20

29.03 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**